ПРОЕКТ ЗА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ

КОНТРОЛНА ЛИСТА ЗА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНО УПРАВУВАЊЕ

# Младински авантуристички туризам

# Извидничка група „Крсте Јон“ Струга

**Струга, 2018**

## ВОВЕД

Проектот за локална и регионална конкурентност е четиригодишна инвестициска операција, поддржана од Европската Унија со користење на средства од ИПА II, наменети за конкурентност и иновации во Македонија. Проектот за локална и регионална конкурентност ќе биде управуван како хибриден фонд и ќе се состои од четири компоненти, извршувани од Светската банка и од Владата на Македонија. Проектот ќе обезбеди финансирање на инвестиции и градење на капацитети за поддршка на развојот на секторот, инвестиции во дестинации и просперитет на конкретна дестинација. На регионално и локално ниво, Проектот ќе ги поддржи избраните туристички дестинации во земјата преку комбинација на техничка помош за подобрување на управувањето со дестинации, инвестиции во инфраструктурата и инвестиции во врски и иновации. Инвестициите ќе бидат преземени преку шемата за грантови за регионалните засегнати страни за туризмот, како што се општините, институциите, невладините организации и приватниот сектор.

Оваа Контролна листа за План за управување со животната средина и општествено управување е подготвена за активностите спроведени во рамките на проектот „Младински авантуристички туризам“. Во Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување се прикажани описот на проектот, техничките детали, опсегот, средината и локацијата врз основа на кои ги проценува ризиците за животната средина и општествените ризици. Имплементацијата на мерките за ублажување кои се однесуваат на утврдените ризици и прашања, како и планот за следење дефинирани во Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување е задолжителна, исто како и почитувањето на националната регулатива за животна средина и други регулативи, како и оперативните политики на Светската банка.

1. Краток вовед во под-проектот

Овој под-проект има за цел да иницира нови видови туризам во Струга, промовирајќи извидништво и нудејќи нови атракции за млади посетители и авантуристи. Струга има долгогодишно искуство во промовирање на извидништвото и слични активности за помладата популација преку Извидничката група „Крсте Јон“, во чиј центар се собираат и дружат извидници и млади лица од многу различни земји веќе 59 години. Во последно време, извидничкиот камп е активен речиси еден месец во годината, само за организирани извиднички настани и натпревари. Поднесениот под-проект ќе го зголеми сместувачкиот капацитет на кампот и ќе поттикне негово активирање во поголем дел од годината, нудејќи уникатна содржина за секоја сезона. Кампот ќе биде домаќин на многу активности на Сојузот на извидници на Македонија, како и партнерските здруженија од Европа. Со новата понуда, кампот воедно ќе обезбеди комерцијални услуги за туристички групи, млади посетители и авантуристи.

Извидничкиот камп во Струга има потенцијал да се развие во една од најпрепознатливите и најатрактивните дестинации за извидници и млади туристи во регионот.

Во моментов, Струга како туристичка дестинација е засенета од Охрид поради пренатрупаноста на туристичките атракции таму. Затоа, помал број туристи ја посетуваат Струга и други места на брегот на Охридското Езеро. Проблемите кои произлегуваат од оваа појава веќе се видливи, на пример, непланиран развој. Од друга страна, истовремено има нови инвестиции кои се во судир со потребите и очекувањата на целниот пазар, додека недоволно се инвестира во услужни активности и активности кои целосно го подобруваат престојот во регионот.

Извидничкиот камп во Струга ќе подготви туристичка понуда чија целна група ќе бидат лицата заинтересирани за алтернативен туризам и ќе организира незаборавно искуство, спојувајќи ги

македонската култура, македонската природа, како и активности кои се предизвик за авантуристите.

Проектните активности вклучуваат:

- Обновување на постоечкиот извиднички камп во рамките на утврдените граници (без проширување),
- Чистење на кампот, доградба на инфраструктурата и капацитетот, овозможувајќи подобрена употреба на просторот,
- Поставување на патеки во кампот и инфраструктура за возила со паркинг, поставување на тоалети и тушеви со канализациона инфраструктура и електрична инсталација,
- Поставување на урбана опрема како што се столбови за осветлување, канти за отпадоци, клупи, држачи за велосипеди, влезни врати,
- Ревитализација на извидничкиот камп во однос на зелените површини, и
- Поставување на пет дрвени куќички на дрвја.
- Поставување на мал амфитеатар кој ќе се користи за образовни и забавни цели. Амфитеатарот ќе биде со 4 реда и приближна ширина од 6 метри, така што ќе може да се сместат околу 50-60 посетители. Амфитеатарот ќе биде конструиран од метални шипки и дрвени седишта.

За време на работите, сиот добиен метален отпад ќе биде собран од овластени собирачи на отпад, а подоцна ќе биде испорачан/исфрлен во депонија за метален отпад наменет за рециклирање, за понатамошна преработка, а материјалот што ќе остане од поставувањето на комуналната инфраструктура како што се земја, камења и чакал, ќе биде транспортиран до законски одредена депонија за инертен отпад. Се очекува дека околу 45-50 м3 инертен отпад ќе се транспортира до законски одредена депонија. Не се очекува никаков градежен отпад, но ако има таков отпад, тој исто така ќе се транспортира до законски одредена депонија од страна на овластените изведувачи. Одредени количини на комунален отпад ќе бидат создадени од вработените на изведувачите во периодот предвиден за реновирање и адаптација на извидничкиот камп Крсте Јон.

За таа цел, се планира преуредување/реорганизирање на распоредот на извидничкиот камп со површина од 6.076м$^2$, преку следните активности:

- поплочување на пешачки патеки со површина од 325m$^2$ со елементи за поплочување (плочки/цигли),
- засадување на автохтон тип на трева (40gr/m$^2$) на површина од 3.500m$^2$ со претходно поставување на квалитетна почва – хумус на површина од 400m$^3$.
- реконструкција на површина од 675 м2 за паркинг и патека за пристап на возила со елементи за поплочување
- употреба на чакал како природен материјал на површина од 280m$^2$ за да се уреди соодветен простор за паркирање на камп-приколки.
- Поставување на пет куќички на дрво
- Поставување на 6 монтажни тоалети и 6 монтажни туш-кабини поврзани со постоечкиот колектор за комунален отпад на просториите (поврзувачкиот цевковод ќе биде со должина од 20m<),
- Монтажа на ново осветлување и напојување (70 електрични приклучоци и 47 челични столбови со светилка (канделабри) со 51 светилка).

Ќе се избегнуваат бетон и асфалт како материјали за површините.

Исто така се планира да се постават надворешни тушеви и тоалети, во согласност со стандардите за овој тип на објекти (6 тоалети и 6 туш-кабини). Тие ќе бидат од монтажни

„сендвич“ панели со полиуретански изолациски елементи и ќе бидат поставени без употреба на цврсти градежни материјали, освен темелите на кои ќе бидат поставени тоалетите со цел да се обезбеди правилен одвод за водата (отпадната вода ќе минува низ канализациониот систем на кампот директно во локалниот канализационен систем).

Осветлувањето и напојувањето ќе се извршат со поставување на кабелот во ров според стандардите и со поставување на 70 електрични приклучоци, обезбедени со монтажа на приклучоци и автоматски пригушници. Осветлувањето ќе се изврши со поставување на 47 челични столбови со светилки, од кои на четири од столбовите за осветлување ќе бидат монтирани две странични светилки (вкупно 51 светилка). Сијалиците ќе бидат енергетски-ефикасни и економични (ќе заштедуваат енергија).

Куќичките на дрвјата ќе бидат изградени на постоечките дрвја, но ќе имаат потпора од дополнителни дрвени столбови за безбедност на објектот. Дрвените куќи ќе имаат дрвен кров и странични ѕидови, но ќе бидат отворени, без прозорци, каква било опрема внатре или електрично ожичување, само со одреден основен дрвен мебел. Посетителите можат да ги користат со вреќа за спиење и душеци. Идејата за домовите на дрво е да се ужива во природата без никаква дополнителна опрема. Во дрвените куќи ќе може да се сместат 2-3 лица и нивната големина ќе биде приближно 2m x 2m, поставени на висина од 2-2,5m над земјата.

Општина Струга издаде решение дека за предвидениот делокруг на работите не е потребна градежна дозвола.

## 2. КАТЕГОРИЈА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Планот за управување со животната средина и општествено управување е поддржан со грант на Европската унија и е спроведен заеднички од Кабинетот на Вицепремиерот за економски прашања, како агенција за спроведување на фондови и од Светската банка. Планот за управување со животната средина и општествено управување е класифициран како проект од категорија Б, што значи дека може да се очекува одредено ниво на несакано влијание како резултат на неговата имплементација, но ниту едно такво влијание не е значајно, во големи размери или на долг рок. Како резултат на оваа класификација, се активира ОП 4.01 Проценка на животната средина. Последователно, Кабинетот на Вицепремиерот за економски прашања подготви Рамка за управување со животната средина и општествено управување за да ја насочи длабинската анализа на животната средина на под-проектите поддржани преку грантовата шема на Компонента 3, да ја дефинира подобноста и процедурите за следење и проценка на животната средина. Сите активности за проектот (и под-проектот) мора да бидат спроведени во согласност со Рамката за управување со животната средина и општествено управување, оперативните политики и процедури на Светска Банка и националната регулатива (преовладува она што е најстрого).

Предложениот под-проект е класифициран како категорија Б- поради фактот што неговите идни влијанија врз животната средина се помалку негативни од оние на под-проектите од категориите А и Б + со оглед на нивната природа, големина и локација, како и карактеристиките на потенцијалните влијанија врз животната средина.

За категоријата ќе биде потребна Проценка на животната средина за да се проценат кои било потенцијални влијанија врз животната средина кои се однесуваат на предложениот под-проект, да се одредат потенцијалните можности за подобрување на животната средина и да се препорачаат какви било мерки кои се потребни за спречување, сведување на минимум и ублажување на негативните влијанија. Опсегот и форматот на Проценката на животната

средина ќе се разликуваат во зависност од под-проектот, но обично ќе бидат помали во споредба со опсегот на Проценката на влијанијата врз животната средина, обично во форма на План за управување со животната средина и општествено управување. Опсегот на Планот за управување со животната средина и општествено управување е дефиниран во Анекс D на Рамката за управување со животната средина и општествено управување. За под-проекти кои вклучуваат едноставни надградби, обновување или адаптација на објектите, ќе се користи Контролна листа на Планот за управување со животната средина и општествено управување (образец е даден во Анекс F од Рамката за управување со животната средина и општествено управување).

Б-категорија ќе вклучува под-проекти кои исто така: (а) вклучуваат заеми за обртни средства кои опфаќаат набавка и/или употреба на опасни материјали (на пр. бензин) или (б) подобрувања на процесот што опфаќаат набавка на опрема/машинерија што претставува значаен потенцијален ризик по здравјето или безбедноста. Според македонските закони, за видовите под-проекти кои спаѓаат во категоријата Б- не е потребна Проценка на влијанијата врз животната средина.

Активностите опфатени со проектот што би можеле да предизвикаат негативни влијанија врз животната средина се поврзани со работите од Компонента 2 (Општествена инфраструктура и обновување на извидничкиот камп Крсте Јон во Струга со проширена намена). Сепак, се очекува дека овие активности ќе предизвикаат само привремени, типични, краткорочни и ограничени негативни влијанија врз животната средина.

- Преглед на влијанието

Влијанијата врз животната средина од спроведувањето на проектот „Младински авантуристички туризам“ во фазата на спроведување на планираните активности се краткорочни и незначителни.

*Управување со отпад*

Одредени количини на инертен отпад (земја, камења итн.) и биоразградлив отпад (трева) ќе се создаде во фазата на хортикултурно уредување на извидничкиот камп, уредување на патеки за прошетка, паркинг и пристапни патеки за камп-приколки, поставување на тушеви и тоалети, како и реконструкција на електричната инсталација во кампот. Ќе бидат предвидени мерки за целосно следење на движењето на отпадот. За да се надминат овие влијанија врз животната средина, ќе се преземат мерки за собирање, земање на создадениот отпад од привремената локација за отстранување на создадениот отпад во рамките на катастарската парцела и предавање на Општинската депонија во Струга, како и следење на движењето на отпадот од неговата создавање до неговата преработка на општинската депонија. Кога е можно, минералните материјали (горната земја, каменот) повторно ќе бидат искористени.

Секој опасен отпад создаден од спроведувањето на предвидените активности како што се: контејнери од заштитна обвивка, лепила, бои, светилки, итн., ќе биде посебно складиран во затворени контејнери според видот на опасен отпад и потоа ќе биде кренат и пренесен од компанија која е овластена за такви активности.

За време на оперативната фаза ќе се користат канти за отпадоци за цврстиот комунален отпад од туристите/камперите. Отпадот од кантите ќе се собира секој ден и ќе се става во контејнерите кои редовно ги чисти општинската компанија за управување со комунален отпад.

*Вода*

Поставените тоалети ќе бидат поврзани во рамките на централната канализациона мрежа и нема некакви отпадни води кои ќе влијаат на подземните води или езерото. Водата што ќе се користи за партерно и пејзажно уредување ќе биде техничка вода и за тревата нема да се користат хемикалии, што може да влијае на подземните води и езерото.

Се очекува дека од поставување на столбовите за осветлување и светилките ќе се создаде картонски отпад, но тој исто така ќе биде транспортиран од претпријатието за комунален отпад до овластената депонија.

*Загадување на воздухот*

Транспортот на градежните материјали и создадениот отпад ќе биде во затворени/покриени возила, задолжително е миење на тркалата на возилата, перење на локацијата на градежните активности во топли периоди со цел да се спречат емисии од прашина. Се очекуваат можни мали емисии на прашина за време на поставувањето на дрвените куќи, но ова ќе биде само за време на поставувањето и се очекува дека овие емисии ќе траат најмногу 5 дена, но само ако има дополнително сечење на дрва на локацијата.

*Бучава*

Поради транспорт на опремата, материјалите и предложените градежни работи, можна е појава на бучава. Се планира да се следи интензитетот на бучавата, како и мерењата на интензитетот на бучава на самата локација за време на фазата на имплементација на проектот, како и во фазата на изведување на активноста како резултат на опремата, возилата и звучниот систем, во согласност со Правилникот за поспецифичните видови на бучава од посебни извори, како и условите што треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се користат на отворен простор во поглед на емитуваната бучава и стандардот за заштита од бучава, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/13. Влијанието како резултат на привремената емисија на бучава е занемарливо.

Во рамките на активностите се планира изградба на 5 дрвени куќички, кои ќе бидат изградени од дрвен материјал и нема да влијаат на постоечката дрвена маса на локацијата каде што ќе се спроведува под-проектот. Дрвото што се користи за овие намени мора да ги обезбеди стандардите за квалитет заради безбедносни причини и ќе се купи од овластени складишта за дрва или од јавното претпријатие Македонски шуми. Дрвото за дрвените куќички ќе биде обложено со посебен слој на заштитна површина што ќе спречи бубачките и временските услови да влијаат на квалитетот и карактеристиките на јакоста на дрвото.

Локацијата предвидена за имплементација ќе биде оградена и обележана и ќе биде забранет влез за невработени лица во рамките на локацијата на проектот. За локалното население ќе бидат поставени знаци и информативни табли.

Во однос на набавката на опрема (нуркачка опрема, шатори, преносливи кујни, велосипеди и опрема за рафтинг), Извидничката група „Крсте Јон“ Струга ќе подготви постапка за складирање, ракување и одржување на опремата, изнајмување и поправка. За време на овој процес нема да биде создаден никаков отпад.

Извидничкиот камп има поставено опрема за противпожарна заштита во случај на пожар или други итни случаи.

Мобилната кујна ќе се користи за настани со кампување кое ќе се случува надвор од кампот, а мобилната кујна ќе биде дополнета со помошни канти за отпадоци за настаните, кои ќе ги

собере комуналното претпријатие на општината каде што се случува настанот. Извидничката група „Крсте Јон“ соодветно ќе ги организира овие работи во прилики кога ќе се користи мобилната кујна.

Опис на локацијата

Активностите за под-проектот се одвиваат во транзитната зона на Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа (биосферниот резерват го опфаќа подрачјето на Охридското и Преспанското Езеро, во Република Македонија и Република Албанија). Извидничкиот камп Крсте Јон се наоѓа покрај брегот на Охридското Езеро (на југоисточната страна) во урбаниот дел на градот Струга, на северозападна страна на границата со улицата Владо Малески, на источната страна се наоѓаат ракометниот стадион, просториите на клубот за кајак и кану, т.н. „женска“ плажа и градскиот базен, додека на западната страна на кампот се наоѓаат спортски терени и баровите на плажа Aquarius и Versus.

Според постоечкото законодавство за урбанистичко планирање, извидничкиот камп се определува како класа А4 - привремено сместување. Активностите кои се предвидени за спроведување во рамките на овој под-проект, како што се адаптација, преуредување и поставување на урбана опрема и тоалети и тушеви, се дозволени во класа А4, како и во транзитната зона на Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа. Тоа се лесни градежни работи за кои не се се очекува негативно да влијаат на природното опкружување, обезбедувајќи добро управување и спроведување на мерките од Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување.

Општина Струга издаде изјава дека за овие лесни градежни работи не е потребна никаква градежна дозвола. Сепак, корисничкиот извиднички клуб Крсте Јон за почетокот на работите ќе ја извести канцеларијата на Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа во Поранешна Југословенска Република Македонија.

## 3. НАМЕНА НА КОНТРОЛНАТА ЛИСТА НА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНО УПРАВУВАЊЕ, БАРАЊА ЗА ОТКРИВАЊЕ

Светската банка бара Проценка на животната средина за проекти предложени за финансирање од Светската банка, со цел да се увери дека тие се основани и одржливи од аспект на животната средина и со тоа да го подобри процесот на одлучување. Проценката на животната средина е процес чија ширина, длабочина и тип на анализа зависат од природата, обемот и потенцијалните влијанија врз животната средина на предложениот проект. Проценката на животната средина ги проценува можните ризици за животната средина на проектот, како и нивните влијанија во областа опфатена со проектот.

Според спроведениот скрининг на пријавата за изразување на интерес (вклучувајќи го и Прашалникот за заштита на животната средина), под-проектот „Младински авантуристички туризам“ беше категоризиран како Б-. Под-проектите се класифицирани во категорија Б- ако потенцијалните влијанија врз животната средина се помалку штетни од под-проектите во категориите А и Б +, со оглед на нивната природа, големина и локација, како и карактеристиките на потенцијалните влијанија врз животната средина.

Опсегот на проценката на животната средина за под-проектот може да се разликува за различни под-проекти, но обично е помал од опсегот на Проценката на влијанието врз животната средина, најчесто во форма на План за управување со животната средина и општествено управување. За под-проекти кои предвидуваат едноставни надградби, реконструкции или адаптации на објектите, се користи Контролна листа за План за управување со животната средина и општествено управување.

Формата на Контролната листа за План за управување со животната средина и општествено управување е дефинирана со Рамката за управување со животната средина и општествено управување од Проектот за локална и регионална конкурентност.

Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување листа се применува за помали обновувања или изградба од мал обем. Обезбедува „прагматична добра практика“ и е дизајнирана да биде лесна за користење и компатибилна со барањата за заштита на Светската банка. Се настојува форматот за типот на контролна листа да ги опфати типичните пристапи за ублажување за општи договори за градежни работи со локализирани влијанија.

Контролната листа има еден воведен дел (Воведен дел во кој е опишан проектот, дел каде што се дефинира еколошката категорија, утврдени се влијанијата и објаснет е концептот на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување) и три главни делови:

- **Дел 1** сочинува описен дел („пасош за локацијата“) во кој се опишуваат специфичностите на проектот во поглед на физичката локација, институционалните и законодавните аспекти, описот на проектот, вклучувајќи ја потребата од програма за градење капацитети и опис на процесот на јавно консултирање.
- **Дел 2** го опфаќа еколошкото и социјалното следење во едноставен формат Да/Не проследен со мерките за ублажување за секоја дадена активност.
- **Дел 3** е план за следење на активностите за време на изградбата и спроведувањето на проектот. Го задржува истиот формат кој е потребен за стандардните Планови за управување со животната средина и општествено управување на Светската банка. Целта на оваа Контролна листа е да се вклучат Дел 2 и Дел 3 како тендерски документи за изведувачи.

Постапката за објавување на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување е следна: Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување на македонски, албански и англиски јазик треба да биде објавена на веб-страницата на Проектот за локална и регионална конкурентност и на примателот, како и на веб-страниците на засегнатата општина и треба да биде достапна за јавноста најмалку 14 дена. Треба да биде достапна во печатена форма во просториите на Проектот за локална и регионална конкурентност и во соодветните општини и/или во центрите на планските региони. Кога е објавена, треба да се издаде повик за забелешки на документите заедно со достапната електронска и поштенска адреса за испраќање на забелешките. Евиденцијата на јавната расправа (собрани коментари и прашања) ги содржи основните информации за местото, списокот на сегашните личности и резиме на добиените забелешки и треба да биде вклучена во финалната верзија на објавениот документ.

4. ПРИЈАВА НА КОНТРОЛНАТА ЛИСТА ЗА ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНО УПРАВУВАЊЕ

Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување е документ кој е подготвен и поседуван од Извидничкиот сојуз „Крсте Јон“, Струга. Процесот на дизајн за предвиденото во под-проектот „Младински авантуристички туризам“ ќе се спроведува во три фази:

1. *Фаза на општа идентификација и проценка,* во која се избира објектот за реконструкција и адаптација и се разработува приближна програма за потенцијалните работни типологии. Во оваа фаза се изготвуваат Деловите 1, 2 и 3 од Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување. Дел 2 од Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување може да се користи за да се изберат типични активности од „мени“ и да се поврзат со типичните прашања за животната средина и мерките за ублажување. Се вршат јавни консултации и се финализира Планот за управување со животната средина и општествено управување.
2. *Фаза на детално планирање и учество на тендер,* вклучувајќи спецификации и предмери за градежните работи, стока за опрема, маркетиншки и други услуги поврзани со под-проектот. Целосните податоци пополнети во табеларниот План за управување со животната средина и општествено управување (Дел 1, 2 и 3) ќе бидат приложени како составен дел на тендерската документација и договорот за работи, како и договор за надзор, аналогно на сите технички и комерцијални услови и треба да бидат потпишани од договорните страни.
3. *Во текот на фазата на имплементација на проектот,* се имплементира усогласеноста во однос на животната средина (со Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување и регулативата за животна средина и здравје и безбедност), како и други квалитативни критериуми на соодветната локација и пријавата се проверува/се надгледува од страна на надзорниот инженер на локацијата, или надзорник на проектот назначен за надзор на имплементацијата на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување. Мерките за ублажување во Дел 2 и планот за следење во Дел 3 се основа за да се потврди почитувањето (усогласеноста) на Изведувачот на потребните одредби за животната средина.

Практичната примена на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување ќе го вклучува постигнувањето на Дел I за поседување и документирање на сите важни специфичности за локацијата. Во вториот дел, активностите што треба да се извршуваат ќе се проверат според предвидениот вид на активност, а во третиот дел ќе се одредат параметрите за следење (Дел 3) и ќе се применуваат според активностите наведени во Дел 2.

Целокупната Контролна листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување пополнета во табела (Делови 1, 2 и 3) за секој вид на работата треба да се приложи како составен дел од договорите за работа и како аналогна со сите технички и комерцијални услови кои треба да бидат потпишани од страна на договорните страни.

## 5. МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ

Мерките за да се избегнат и намалат/ублажат утврдените влијанија врз животната средина, работниците и заедниците, како и општествените аспекти на под-проектот што треба да се применат во рамките на под-проектот се следните, но не се ограничени на следното:

Соодветно означување на локацијата за реконструкција, обележување на соодветна локација за привремено чување на градежниот материјал на локацијата, обезбедување на предупредувачки ленти, огради и ознаки, забрана на влез за невработени лица во предупредувачките ленти, примена на мерки за безбедност на граѓаните, со машините треба да работи само искусен и обучен персонал, постојано присуство на противпожарни апарати во случај на пожар или друга штета, постојано носење заштитна опрема и облека, фиксирање на скелиња и други мерки за безбедност и здравје, запаливите течности може да се стават и чуваат исклучиво во садови кои се дизајнирани за таа цел.

Сите работници мора да бидат свесни за опасностите од пожар и противпожарните мерки и мора да бидат обучени за да користат противпожарни апарати, хидранти и други уреди што се користат за гаснење на пожари кои треба да бидат функционални.

Нивото на бучава не треба да надминува 55dB во текот на денот, додека градежните работи нема да се вршат преку ноќ.

Одредување, класифицирање и посебно привремено складирање (во посебни јасно означени канти/контејнери за отпадоци на посебна однапред дефинирана локација на местото и во доволен број) на различни видови отпад што може да се создаде од обновување, како и правилно постапување со отпадот. Отпадот може да се транспортира и депонира/преработува само од лиценцирани компании.

Да се воспостави посебен сообраќаен режим за возилата на изведувачот за време на периодот на обновување, со соодветно сигнализирање.

Потпишување на договор со услужната компанија за редовно одржување, замена на резервни делови, превентивни промени на масло, соодветно одржување (издувни гасови и безбедност, пр. сопирачки, гуми, итн.) како една од најважните безбедносни функции, итн., редовно перење на возилата и одржување на чист паркинг, забранета замена на моторно масло на паркингот за да се избегне маслото и загадувањето на водите и почвата, да се врши редовно годишно тестирање за одобрување за време на годишната регистрација на возилата.

Мерките за ублажување опишани во овој дел се општите, детални задолжителни мерки за ублажување кои се дадени во табелата Контролна листа со мерки за ублажување (Дел 3).

## 5. ПРОЦЕДУРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ОДГОВОРНОСТ

За следење на имплементацијата на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување на Изведувачот, надзорникот на локацијата или одговорното лице назначено од страна на Корисникот (во случај на работи за кои не е потребно ангажирање на надзорен инженер; надзорник на локацијата во понатамошниот текст) ќе работат со Дел 2 и 3 од Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување т.е. планот за следење. Дел 2 и 3 се разработуваат со потребните детали, дефинирајќи јасни мерки за ублажување, како и следење, кои може да бидат вклучени во договорите за работи кои го одразуваат статусот на практиката за животната средина на работната локација и кои можат да се набљудуваат /мерат/квантифицираат/проверуваат од страна на надзорникот за време на работите.

Дел 3 практично ги одразува клучните критериуми за следење кои може да се проверат за време и по работите за обезбедување на усогласеност, и на крајот и надоместокот на Изведувачот.

Таквите мерки за ублажување вклучуваат, но не се ограничени на, употреба на лична заштитна опрема од страна на работниците на локацијата, создавање прашина и превенција, количина на вода која се користи и испушта на локацијата, преработка на отпадни води, присуство на соодветни санитарни објекти за работниците, собирање на отпад од посебни видови (дрво, метали, пластика, опасен отпад, на пр. остатоци од боја, потрошено моторно масло), количини на отпад, правилна организација на патишта и објекти за отстранување (исфрлање) или повторна употреба и рециклирање кога тоа е можно. Покрај Дел 3, надзорникот на локацијата треба да провери дали изведувачот ги почитува мерките за ублажување во Дел 2. Известувањето за спроведување на практиките треба да биде опишано во редовниот извештај кон Единицата за имплементација на проектот.

Прифатлив извештај за следење од изведувачот или надзорникот на локацијата ќе биде услов за целосна исплата на договорениот надоместок со договор, исто како и техничките критериуми за квалитет или испитувања на квалитетот. Известувањето за спроведувањето на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување ќе биде квартално. За да се обезбеди одреден степен на усогласеност на еколошките перформанси на Изведувачот, во договорите за работи ќе се воведе соодветна клаузула, во која се наведуваат казни во случај на непочитување на договорните одредби за животната средина, на пр. во форма на задржување на одреден дел од уплатите сè додека не се применат корективните мерки и не се почитува под-проектот, неговата големина зависи од сериозноста на непочитувањето на договорот. За екстремни случаи, спогодбено ќе биде договорено раскинување на договорот.

Спроведувањето на дефинираните мерки од Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување ќе ги следи надзорниот/надзорниот инженер, Општина Струга/инспекторот за комунални работи и животна средина и претставниците на проектниот тим/корисникот Извиднички сојуз Крсте Јон Струга, како и експерт за животната средина од Единицата за имплементација на проектот.

Спроведувањето на мерките ќе се следи пред да се започне со работа, за време на реконструкцијата и по нејзиното завршување.

Подносителот(ите) на пријавата се должни редовно да доставува квартални извештаи за спроведувањето и следењето на мерките за ублажување на животната средина (на пр. во форма на табеларен преглед (табели план за ублажување и план за следење) со дополнителна колона со наведен статус на мерки, согледувања и коментари, и Следење на мерката (имплементирани/неимплементирани, резултати, забелешки, коментари, загрижености, кога, итн.).

| ДЕЛ 1: ИНСТИТУЦИОНАЛЕН И АДМИНИСТРАТИВЕН | |
|---|---|
| Држава | Република Македонија |
| Наслов на под-проектот | Младински авантуристички туризам |
| Опсег на под-проектот и активност | a. Развој и презентирање на најмалку десет нови и уникатни активности за млади туристи. Овие активности ќе имаат за цел да ја зголемат атрактивноста на градот Струга, како и самиот камп, како туристичка дестинација.<br>Овие активности ќе вклучуваат<br>• Курсеви за нуркање<br>• Курсеви за пешачење<br>• Курсеви за преживување во природа<br>• Курсеви за спортови во вода – кајакарство и веслање со кану, скијање на вода, пливање<br>• Работилници за заштита на природата<br>• Курсеви за изработка на ракотворби од природни материјали<br>b. Развој на најмалку десет нови и различни туристички програми за организирани групи и индивидуални посетители. Овие програми треба да ги вклучуваат најмалку следниве активности:<br>• Истражување на природата на Јабланица и Општина Вевчани<br>• Проучување на локалната храна и традиција преку посета и учество во локални прослави и настани.<br>• Заедничко вклучување во активности за развој на заедницата со цел да се подобри<br>• Проучување на биодиверзитетот преку прикажување на мапи (мапирање), како и спроведување на кампањи за подигнување на свеста.<br>• Поттикнување на учење за други култури. Гостите се застапници на културата на земјата од која доаѓаат, така што тие учат за нашата земја, а ја презентираат својата земја.<br>• Учество во работилници за климатски промени и енергетска ефикасност, еколошки работилници и производство на локални занаетчиски производи.<br>• Еднодневни или подолги екскурзии со екстремни спортови.<br>• Екскурзии за опстанок во природата, прилагодени за различни возрасти и подготвеност на учесниците.<br>c. Зголемување на сместувачкиот капацитет и продолжување на туристичката сезона на извидничкиот центар во Струга<br>• Групни активности што извидничкиот камп ќе ги понуди како пауза за одмор за патниците<br>• **Подобрување на инфраструктурата на кампот - паркинг за камп-приколки, покриен паркинг за возила во кампот, тоалети, бањи, електрични врски за посетителите, осветлување и други потребни услови** |

| | | |
|---|---|---|
| | • Вработување и обука на персонал<br>d. Развој на годишен план за извиднички активности и организирање најмалку четири национални и меѓународни настани годишно<br>• Организирање на годишен национален извиднички натпревар<br>• Организирање на најмалку еден летен камп за извидници од други европски здруженија<br>• Организирање обука за регрутирање нови извидници<br>• Организирање на културни извиднички настани на отворено - за креативни извидници, театар на отворено, музички настани итн. | |
| Институционални уредувања<br><br>(Име и контакти) | **Проектен менаџмент*** | |
| | Марјан Главинчески<br><br>Дипломиран градежен инженер | +389 71 262 941 |
| Имплементациски уредувања<br><br>(Име и контакти) | **Надзор**** | |
| | Ќе биде назначен надзорен инженер во посебна постапка за набавка, после постапката за избор на изведувач на работите за реконструкција. | (По завршување на процедурата, во полињата подолу ќе бидат додадени името и контактот на Надзорниот инженер). |
| **ОПИС НА ЛОКАЦИЈАТА** | | |
| Име на локацијата | **Извиднички камп „Крсте Јон“ Струга** | |
| Опис на локацијата | Кампот се наоѓа во Струга на самиот брег на Охридското Езеро, во центарот на Струга. Извидничкиот камп се наоѓа во транзитна зона Прекуграничен биосферен резерват Охрид-Преспа.<br><br>Веднаш до самиот извиднички камп, на северната страна, минува главниот пат до селото Радожда, па така кампот има многу добра сообраќајна поврзаност со постојната патна мрежа.<br><br>На јужната страна се граничи со Охридското Езеро и има директен излез кон самото езеро. Во близина на брегот или во заштитено подрачје нема да се вршат никакви работи.<br><br>Вкупната површина на целата парцела што ја користи извидничката група „Крсте Јон“ е 3.500 $м^2$. Дел од парцелата е објект од 300 $м^2$. Дел од објектот беше | Анекс 1: Информации за локацијата (слики од локацијата) [Да] |

| | | |
|---|---|---|
| | реконструиран во текот на 2002 година и во овој дел има санитарна просторија, кујна, трпезарија и канцеларија, а на таванот има 12 четирикреверни соби. Останатиот дел од парцелата со површина од околу 3.500 м$^2$ е борова шума, стара повеќе од 50 години, која се користи како камп и како место за извиднички активности.<br><br>(фотографии во анекс) | |
| Кој го поседува земјиштето? | Земјиштето на кое се наоѓа извидничкиот камп „Крсте Јон“ е поделено на две парцели: КП 2659/4 и КП 2659/5.<br><br>КП 2659/4 го опфаќа земјиштето на кое се наоѓа изградениот објект и е во сопственост на Извидничката група „Крсте Јон“ Струга.<br><br>КП 2659/5 го опфаќа остатокот од земјиштето, кое повеќе од 50 години го користи извидничката група „Крсте Јон“ Струга. Оваа парцела е во сопственост на Република Македонија, но права на користење има Извидничката група „Крсте Јон“ Струга. (Имотни листови 4113 и 14113 од Катастарска општина Струга во анекс). | |
| Географски опис | Се наоѓа во центарот на Струга, на брегот на Охридското езеро. Координати на локацијата:<br><br>**географска ширина (lat)=41.1729531814**<br>**географска должина (lon)=20.671402901** | |
| **ЗАКОНОДАВСТВО** | | |
| Одредување на националното и локалното законодавство, како и дозволи кои се применливи за активноста на под-проектот | • Закон за градежништво (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 144/12, 79/13, 137 / 13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16),<br>• Закон за животна средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 51/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12,93/13,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16 )<br>• Закон за води (“Службен весник на Република Македонија“ бр.87 / 08, 6/09, 16109, 83/10, 51 / 11.44 / 12.23 / 13,163 / 13180/14, 146/15 и 52 / 16);<br>• Уредба за класификација на водите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/99);<br>• Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/99, 71/99);<br>• Закон за управување со отпад (“Службен весник на Република Македонија“ бр.68 / 04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124 / 10.09 / 11.51 / 11.123 / 12 и 163/13);<br>• Правилник за општите правила за постапување со комунален отпад и други видови неопасен отпад (“Службен весник на Република Македонија“ бр.147 / 07); | |

| | |
|---|---|
| | • Закон за пакување и управување со пакување на отпад (“Службен весник на Република Македонија“ бр.161 / 09, 17 / 11,47 / 11,136 / 11,6 / 12, 39/12 и 163/13);<br>• Листа на отпад (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/05);<br>• Закон за хемикалии (“Службен весник на Република Македонија“ бр.145 / 10 и 53/11);<br>• Закон за звучно загадување (загадување на животната средина од бучава) (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12 и 10/15);<br>• Закон за заштита од бучава во животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/07, 124/10 и 47/11);<br>• Правилник за локацијата на трафостаниците и мерните места (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 120/08);<br>• Правилник за граничните вредности на нивото на бучава во животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр.147 / 08);<br>• Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се разгледува мирот на граѓаните од штетната бучава (“Службен весник на Република Македонија“ бр.1 / 09);<br>• Закон за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47 / 11,148 / 11,59 / 12,13 / 13,163 / 13 и 41 / 14);<br>• Закон за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11); |
| **ЈАВНО КОНСУЛТИРАЊЕ** | |
| Да се утврди кога / каде се одвивал процесот на јавно консултирање и кои беа забелешките од консултираните заинтересирани страни | Процедурата за објавување на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување (контролна листа) е следната: Проверката на Планот за управување со животната средина и општествено управување треба да се објави на веб-страницата на Проектот за локална и регионална конкурентност и на примателот, како и на веб-страниците на засегнатата општина и треба да биде достапна за јавноста за најмалку 14 дена. Треба да биде достапна во печатена форма во просториите на Проектот за локална и регионална конкурентност и во соодветните општини и/или во центрите на планските региони. Кога е објавена, треба да се издаде повик за забелешки на документите заедно со достапната електронска и поштенска адреса за испраќање на забелешките. Евиденцијата на јавната расправа (собрани коментари и прашања) ги содржи основните информации за местото, списокот на сегашните личности и резиме на добиените забелешки и треба да биде вклучена во финалната верзија на објавениот документ. |
| **ИНСТИТУЦИОНАЛНО ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ** | |
| Дали ќе има градење на капацитети? | [X] N за Не или [ ] Y ако е Да, Анекс 2 вклучува информации за градење капацитети |

| ДЕЛ 2: СЛЕДЕЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА / ОПШТЕСТВЕНО СЛЕДЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Дали активноста на локацијата ќе вклучува нешто од следното: | Активност | Статус | Дополнителни референци |
| | A. Општи барања | [**X** ] Да [] Не | |
| | B. Поставување на тушеви и тоалети / Уредување на патеките во кампот и инфраструктурата за возење, со паркинг | [**X** ] Да [] Не | Погледнете во Дел A, B, E, F,H подолу |
| | C. Поставување на дрвени куќички на дрво и друга урбана опрема | [ **X** ] Да [ ] Не | Погледнете во Дел A, C, E, F,H подолу |
| | D. Културно наследство - случајни наоди | [**X** ] Да [] Не | Погледнете во Дел D, подолу |
| | E. Опасни или токсични материјали и отпади[1] | [**X** ] Да [] Не | Погледнете во Дел E подолу |
| | F. Заштитена област на природата | [ **X** ] Да [ ] Не | Погледнете во Дел A, C, F подолу |
| | G. Сообраќај и безбедност на пешаците | [X ] Да [ ] Не | Погледнете во Дел A, G подолу |

[1] Токсични/опасни материјали вклучува, но не е ограничено на азбест, токсични бои, отстранување на оловна боја, итн.

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛНА ЛИСТА НА МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| А. Општи услови | Известување и безбедност на работниците | • Обезбедување на информации за локалното население за опсегот, времето на започнување и времетраењето на градежните активности со подготовка на Известување кое ќе биде поставено на огласните табли на извидничката група и на општината, на Facebook профилот на извидничката група, како и на други социјални медиуми и преку други средства, доколку е потребно, за да се осигура дека локалното население е добро информирано;<br>• Локалниот градежен инспекторат и инспекторатот за заштита на животната средина/природата се информирани за работите пред нивното започнување;<br>• Сите потребни дозволи/мислења/одлуки, итн., се добиени пред почетокот на работите (вклучувајќи ги и градежните и други);<br>• Министерството за животна средина и просторно планирање, како и органот за управување со заштитеното подрачје на Охридското Езеро, ќе бидат известени за работите и ќе побараат мерки за заштита на природата најмалку 30 дена пред да започнат работите. Овие мерки ќе се сметаат за составен дел на оваа Проценка на животната средина (Контролна листа за План за управување со животната средина и општествено управување).<br>• Целата работа ќе се спроведува на безбеден и дисциплиниран начин;<br>• Личната заштитна облека и опрема за работниците е достапна во доволни количини и секогаш ја носат/ја користат;<br>• Отворените дупки/јами се покриени и јасно означени кога не се работи;<br>• Да се осигура соодветно обележување и информативна табла на локацијата за реконструкција<br>• Обележување на местото за привремено складирање на градежниот материјал во близина на локацијата<br>• Обезбедување на предупредувачки ленти, огради и соодветна сигнализација за информирање за опасност, клучни правила и постапки кои треба да се следат.<br>• Забранет влез за невработени лица во рамките на предупредувачките ленти и огради кога/каде што се смета дека е потребно.<br>• Опкружувањето на извидничкиот камп треба да се одржува во чиста состојба<br>• Со машините треба да ракува само искусен и соодветно обучен персонал, со што се намалува ризикот од несреќи;<br>• Сите работници мора да бидат запознаени со опасностите од пожар и мерките за противпожарна заштита и мора да бидат обучени за користење на противпожарни апарати, хидранти и други уреди што се користат за гаснење пожари<br>• Уредите, опремата и противпожарните апарати секогаш треба да бидат функционални, така што во случај на потреба би можеле да се користат брзо и ефикасно. На локацијата треба да има достапни комплети за прва помош и персонал кој е обучен да го користи.<br>• Процедурите за итни случаи (вклучувајќи истурања, несреќи, итн.) се достапни на локацијата.<br>• На локацијата за изградба треба да биде поставен преносив (монтажен) тоалет (ако не се користат тоалетите на извидничкиот камп) и истиот да го одржува овластената компанија.<br>• Набавената опрема ќе се инсталира и ќе се користи со почитување на сите безбедносни мерки пропишани од производителот на опрема и најдобрите практики.<br>• Да се осигура безбедност на пешаците (да се огради локацијата).<br>• Поставување на вертикална сигнализација и знаци на почетокот на местото каде што се врши обновување;<br>• Барањата на националното законодавство за здравје и безбедност треба да се почитуваат во сите фази на проектот (дизајн/проектирање, изградба и оперативна фаза).<br>• Треба да се обезбедат и постават соодветни предупредувачки ленти и сигнализација; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛНА ЛИСТА НА МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | Квалитет на воздухот | • Градилиштето (локацијата каде што се вршат градежните работи), транспортните патишта и местата каде што се ракува со материјали треба да се испираат со вода по суви и ветровити денови.<br>• Градежните материјали треба да се сладираат на соодветни места, покриени за да се сведе на минимум појавата на прашина<br>• Мора да се покрие товарот на возилата кој испушта прашина.<br>• Ограничување на брзината на возилата до локацијата за реконструкција.<br>• Патиштата редовно да се метат и чистат на критичните точки.<br>• Чувајте ги одвоени горниот слој од почвата и куповите почва од ископување. Заштитете ги со лим/огради во случај на ветровито време.<br>• Куповите почва од ископување треба да се лоцираат подалеку од одводни линии, природни водни патишта и места кои подлежат на ерозија на земјиштето.<br>• Сите купови со почва се покриени кога ќе се отстрануваат од локацијата.<br>• Уверете се дека сите транспортни возила и механизација се опремени со соодветна опрема за контрола на емисијата, дека редовно се одржуваат и атестираат.<br>• Осигурајте се дека сите возила и механизацијата користат бензин од официјални извори (лиценцирани бензински пумпи) и гориво одредено од производителот на механизацијата и возилата.<br>• Нема да има прекумерен празен о̀д на градежни возила на локацијата. |
| | Управување со материјали и квалитет | • Грубиот агрегат во бетонот кој се применува и се користи при обновување/преуредување треба да одговара на барањата за трајност и градација.<br>• Минералните ресурси (агрегат, песок, чакал, итн.) се набавуваат само од лиценцирани компании со важечки отстапки за екстракција/искористување. Компаниите можат да докажат дека се воспоставени мерки за безбедност и здравје и управување со животната средина. Компанијата треба да докаже дека агрегатот и чакалот се од локално потекло (слив/вододелница Охридско Езеро/река Дрим) |
| | Бучава | • Бидејќи станува збор за урбана резиденцијална област (возење низ градот до локацијата), нивото на бучава не треба да надминува 55dB во текот на денот и навечер и 45dB во текот на ноќта<br>• Градежните работи нема да бидат дозволени во текот на ноќта, операциите на локацијата ќе бидат ограничени од 7.00 до 19.00 часот (договорено во дозволата).<br>• За време на операциите, моторските капаци на генераторите, воздушните компресори и друга електрична механичка опрема треба да бидат затворени, а опремата да биде колку е можно подалеку од резиденцијалните населби.<br>• Пумпите и другата механичка опрема треба ефективно да се одржуваат. |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛНА ЛИСТА НА МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | Квалитет на вода | • Да се спречи опасно истурање од отпад (привременото складиште за отпадот треба да биде заштитено од протекување и она складиште што е за опасен или токсичен отпад треба да биде опремено со секундарен систем за задржување, на пример, контејнери со двојни ѕидови или контејнери со потпори).<br>• Ако дојде до опасно истурање, сопрете го и отстранете го, исчистете го местото и следете ги процедурите и мерките за управување со опасен отпад.<br>• Во случај на какво било истекување на вода од работните површини, која можеби е контаминирана со опасни супстанции, треба да се собере на одредено место каде што привремено ќе се задржи и ќе се транспортира до соодветна лиценцирана пречистителна станица за отпадни води.<br>• Водата која истекува која можеби е полна со суспендирани материи треба да се исфилтрира пред истурање во природните текови (но нејзино испуштање во Охридското езеро е строго забрането).<br>• Да се осигура дека водата која се испумпува назад во природните водни текови никогаш не ги надминува регулаторните стандарди за квалитет на водата со редовно тестирање.<br>• Поставете и одржувајте соодветни санитарни простории за работниците. Отпадни води од овие извори треба да се транспортираат до соодветни објекти за преработка на отпадни води.<br>• Да се спречи опасно истурање од резервоари (задолжителен секундарен систем за задржување, на пр. контејнери со двојни ѕидови или контејнери со потпори), градежна опрема и возила (редовно одржување и проверки/прегледи на резервоарите за нафта и гас, машините/механизацијата и возилата може да се паркираат (манипулираат) само на асфалтирани или бетонски површини со површински систем за собирање на вода која истекува.<br>• Водата и другите компоненти во мешавината на бетон треба да бидат чисти и без штетни хемикалии.<br>• Нема да се зема вода од езерото или други природни извори во близина.<br>• Премази, средства за заштита на дрво (на пример, оние кои се применуваат за куќичките на дрво и мебелот на улица) и други применувани средства/агенси, нема да бидат токсични за водните средини.<br>• На локацијата нема да се применуваат антикорозивни мерки.<br>• Исфрлање на отпад или други материјали или течности во Охридското Езеро е строго забрането. |
| | Управување со отпад | Ќе се применува добра практика за управување со отпад, вклучувајќи го следното:<br>• Одредување на различните типови на отпад кои би можеле да се создадат на локацијата за реконструкција и нивна класификација според Националната листа на отпад (Службен весник бр. 100/05);<br>• Обезбедени се доволен број контејнери за секоја утврдена категорија на отпад и истите се соодветно позиционирани.<br>• За сите видови отпад што се очекуваат од уривање, реновирање и градежни активности ќе бидат утврдени патеките за собирање и отстранување на отпадот и лиценцирани депонии/постројки за обработка-пречистителни станици.<br>• Минералниот (природен) градежен отпад и отпад од уривање ќе бидат одделени од општиот рефусен, органски, течен и хемиски отпад со сортирање на самата локација и привремено складирање во соодветни контејнери. Во зависност од неговото потекло и содржина, минералниот отпад повторно ќе се примени на неговата оригинална локација или повторно ќе се искористи.<br>• Целиот градежен отпад ќе се собира и отстранува правилно од страна на лиценцирани собирачи и на лиценцирани депонии (или лиценцирани постројки за преработка).<br>• Евиденцијата за отстранување на отпадот редовно ќе се ажурира и ќе се чува како доказ за правилно управување, како што е предвидено.<br>• Секогаш кога е изводливо, изведувачот повторно ќе користи и ќе рециклира соодветни и одржливи материјали. Исфрлањето на каков било отпад (вклучувајќи и органски отпад) или отпадните води во околната природа или водните тела е строго забрането.<br>• Собирање, транспортирање и финално депонирање/преработка на комуналниот отпад се врши од страна на лиценцирана компанија;<br>• Градежниот отпад треба веднаш да се отстрани од местото и доколку е можно, повторно да се употреби;<br>• Забрането е палење на целиот отпад на локацијата или во нелиценцирани постројки и локации. |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛНА ЛИСТА НА МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| | Квалитет на почвата | • За време на работите треба да се применува контрола на ерозија и таложење.<br>• Отстранета содржина на минерали (почва и карпи) треба повторно да се примени на оригиналната локација, ако е можно. Отпадната почва нема да биде исфрлена во опкружувањето или водните тела, но повторно ќе се искористи на местото или соодветно ќе се отстрани на депонија или локација која е одобрена од општината и надзорник.<br>• Возилата треба да се движат по соодветно определени патишта за товарни возила.<br>• При работа и управување со почвата ќе се земат предвид метеоролошките податоци и услови кога истото се планира и извршува (на пример, температурата на почвата, влажност, снег, мраз, итн.).<br>• Не е дозволена употреба на антифриз и/или соединенија за забрзување.<br>• Континуирано контролирајте и проценувајте ја ефективноста на мерките за контрола на таложење и применувајте мерки за подобрување. |
| | Заштита на природата | • Покријте ги сите ископани стрмни дупки и ровови (во случај да не можат да бидат покриени, да се конструираат платформи, на пр. штици/талпи).<br>• Темелно проверете ги сите дупки и ровови пред да се полнат.<br>• Забранете собирање на огревно дрво од и околу работните површини.<br>• Забрането е вознемирување на животните и собирање на растенија во областа.<br>• Треба да се отстрани минимална зелена површина. Никакви дрва нема да бидат оштетени или отстранети за време на работите.<br>• Нема да се сечат дрва.<br>• Нема да има отворени пожари.<br>• Куќичките на дрвата ќе бидат изградени надвор од сезоната кога се размножуваат птиците. |
| **В.** Поставување на тушеви и тоалети и уредување на патеките во кампот, инфраструктурата за возење, со паркинг | Квалитет на водата | • Отпадните води од санитарните простории и други објекти кои создаваат отпадни води (на пример, кујна) мора да бидат поврзани со веќе постоечкиот комунален систем за собирање на отпадни води (канализација). |
| | Квалитет на почвата | • Со машините треба да ракува само искусен и соодветно обучен персонал, со што се намалува ризикот од несреќи;<br>• Сите работници мора да бидат запознаени со опасностите од пожар и мерките за противпожарна заштита и мора да бидат обучени за користење на апарати за гасење пожар, хидранти и други уреди што се користат за гаснење пожари.<br>• Работниците мора да бидат соодветно обучени, овластени/сертифицирани и искусни за работата што ја извршуваат (на пример, за работи на височина. Уредите, опремата и апаратите за гасење пожари секогаш треба да бидат функционални, па во случај на потреба тие можат да се користат брзо и ефикасно).<br>• На локацијата треба да има достапни комплети за прва помош и персонал кој е обучен да ги користи.<br>• Процедурите за итни случаи (вклучувајќи истурања, несреќи, итн.) се достапни на локацијата.<br>• На локациите за проектот да се постави Информативна табла со општи податоци за проектот и име на Изведувачот и Надзорникот;<br>• Поставување на знаци за намалување/ограничување на брзината на возилата во близина на проектната локација на паркингот;<br>• Не е дозволен пристап на неовластен персонал во рамките на локациите на проектот. Локацијата и работите ќе се организираат и управуваат на безбеден начин.<br>• Сите потенцијално опасни точки (на пример, ровови, ископини и купови) се обележани и заштитени; |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛНА ЛИСТА НА МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| C. Поставување на дрвени куќички на дрвја и друга урбана опрема | Квалитет на водата и почвата | • Со машините треба да ракува само искусен и соодветно обучен персонал, со што се намалува ризикот од несреќи;<br>• Сите работници мора да бидат запознаени со опасностите од пожар и мерките за противпожарна заштита и мора да бидат обучени за користење на апарати за гасење пожар, хидранти и други уреди што се користат за гасење пожари.<br>• Работниците мора да бидат соодветно обучени, овластени/сертифицирани и искусни за работата што ја извршуваат (на пример, за работи на височина. Уредите, опремата и апаратите за гасење пожари секогаш треба да бидат функционални, па во случај на потреба тие можат да се користат брзо и ефикасно).<br>• На локацијата треба да има достапни комплети за прва помош и персонал кој е обучен да ги користи.<br>• Процедурите за итни случаи (вклучувајќи истурања, несреќи, итн.) се достапни на локацијата.<br>• На локациите за проектот да се постави Информативна табла со општи податоци за проектот и име на Изведувачот и Надзорникот;<br>• Поставување на знаци за намалување/ограничување на брзината на возилата во близина на проектната локација на паркингот;<br>• Не е дозволен пристап на неовластен персонал во рамките на локациите на проектот. Локацијата и работите ќе се организираат и управуваат на безбеден начин.<br>• Сите потенцијално опасни точки (на пример, ровови, ископини и купови) се обележани и заштитени.<br>• Премазите, средствата за заштита на дрво (на пример, оние кои се применуваат за куќичките на дрвја и мебелот на улица) и други применувани средства/агенси, нема да бидат токсични за водните средини.<br>• На локацијата нема да се применуваат антикорозивни мерки. |
| D. Историски објект(и) | Културно наследство | При случајни наоди, работите мора веднаш да се прекинат и да се информираат надлежните органи (Министерството за култура, Дирекцијата за заштита на културното наследство - Скопје, Национална установа - Завод за заштита на споменициите на културата и Музејот - Охрид) во рок од 24 часа следејќи ги националните процедури. Работите ќе започнат по одобрување од надлежните органи. |
| E. Токсични материјали | Токсични/опасни материјали и управување со отпад | • Привременото складирање на локацијата на сите опасни или токсични супстанции (вклучувајќи и отпад) ќе биде во безбедни контејнери означени со детали за составот, својствата и информации за ракување. Со хемикалиите се управува, се употребуваат и се отстрануваат, како и се преземаат мерки за претпазливост, согласно барања во Безбедносни листови со податоци за материјалот (MSDS)<br>• Опасните супстанции (вклучувајќи и течен отпад) ќе се чуваат во контејнер со заштита од протекување за да се спречи истурање и протекување. Овој контејнер ќе поседува секундарен систем за задржување, како што се потпори (на пример, контејнер со потпори), двојни ѕидови или слично. Секундарниот систем за задржување мора да биде без пукнатини, со доволно простор за протекувањето и брзо да се празни.<br>• Контејнерите со опасни супстанции мора да се чуваат затворени, освен кога се додаваат или отстрануваат материјали/отпад. Тие не смеат да се ракуваат, да се отвараат или да се складираат на начин што може да предизвика нивно истекување.<br>• Контејнерите што содржат запалив или реактивен отпад мора да се наоѓаат најмалку 15 метри (50 стапки) од граничната линија на објектот. Големи количини на гориво нема да се чуваат на локацијата.<br>• Отпадот никогаш не се меша и се транспортира од специјално лиценцирани превозници и се отстранува/се обработува само во лиценциран објект.<br>• Бои (фарби) со токсични состојки или растворувачи или оловни бои нема да се користат.<br>• Опасниот отпад ќе се транспортира и ракува само од лиценцирани компании во согласност со националната регулатива.<br>• Опасниот отпад ќе се исфрла/отстранува само на лиценцирани депонии или ќе се преработува во лиценцирани постројки за обработка. |

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | КОНТРОЛНА ЛИСТА НА МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ |
|---|---|---|
| F. Влијае на шумите и/или заштитените области | Заштита | • Ловокрадство, вознемирување на животните, собирање на билки и шумска храна е строго забрането.<br>• Отворени пожари се строго забранети.<br>• Нема да се фрла ѓубре.<br>• Пред работите, средината мора да се провери за постоечки младенчиња, дувла и гнезда.<br>• Сведете ја работната површина на минимум и користете го само она што е потребно.<br>• Машините/механизацијата и возилата нема да се чистат или перат на локацијата.<br>• Нема да се отстранува зеленилото.<br>• На локацијата нема да се применуваат антикорозивни средства. Дрвото ќе се користи во неговата природна состојба и нема да се третира со заштита за дрво, боја, премази, ниту лакови или други средства на локацијата. Нема да се користат материјали кои би можеле да го загрозат квалитетот на водата, водните и другите диви животни (ова вклучува набавка на сите материјали, како и опрема во рамките на овој под-проект).<br>• Забрането е вознемирување и лов на животни во областа.<br>• Не треба да се отстрануваат зелени површини.<br>• За време на работите нема да се оштетат или отстранат дрвја.<br>• Отворени пожари се строго забранети.<br>• Во случај на повторно засадување, може да се користат само домашните видови што се вообичаени за областа. |
| G. Сообраќај и безбедност на пешаците; | Директни или индиректни опасности за јавниот сообраќај и пешаците | • Објавете навремено алтернативно регулирање на сообраќајот за време на работите за локалните заедници (ако има). Поставување на знаци, предупредувачки знаци, бариери и пренасочувања на сообраќајот: локацијата ќе биде јасно видлива и јавноста ќе биде предупредена за сите потенцијални опасности. |
| Безбедност за заедницата | според градежни активности | • Да се осигура безбедност на пешаците. Посебен фокус на безбедноста на децата и младите, поради типот на посетители (да се огради местото, да се поставаат безбедни премини, мануелно да се регулира сообраќајот во часовите кога има гужва, итн.).<br>• Активно управување со сообраќајот од обучен и видлив персонал на локацијата.<br>• Обезбедување сигурен и континуиран пристап до канцелариски простории и живеалишта за време на активностите со реновирање, доколку објектите останат отворени за јавноста.<br>• Поставување вертикална сигнализација и знаци на почетокот на местото кое се обновува;<br>• Треба да се обезбедат и постават соодветни предупредувачки ленти и знаци;<br>• Забранет е влез за невработени лица во оградениот простор.<br>• Поставената табла и капијата не смее да влијаат на безбедноста на сообраќајот и видливоста.<br>• Прилагодување на работното време на локалните сообраќајни текови, на пр. избегнување на главни транспортни активности за време на периодите со гужва или во периоди на движење на добиток.<br>• Сите лиценци за планираното обезбедување на услуги (на пример, нуркање) мора да се добијат навремено, пред да започне активноста. |

| ДЕЛ 3: ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Фаза** | **Кој**<br>(Параметар ќе се следи?) | **Каде**<br>(Ќе се следи параметарот?) | **Како**<br>(Ќе се следи параметарот?) | **Кога**<br>(Дефинирајте ја зачестеноста / или континуитетот?) | **Зошто**<br>(Се следи параметарот?) | **Трошок**<br>(Доколку не е вклучен во проектниот буџет) | **Кој**<br>(Е одговорен за следењето?) |
| За време на **подготовка** на активноста | 1. Дозволи и одобренија | Просториите на изведувачот | Проверете дали се добиени сите лиценци, дозволи, одобренија, итн. кои се потребни согласно националните прописи; | Пред започнување на работите | Со цел да се отстранат можните несакани влијанија врз животната средина и човековото здравје и да се осигура квалитетно постигнување на активностите | Трошоците за спроведување на овие мерки ќе бидат вклучени во единечните цени за спроведување на активноста | Изведувач и надзор |
| | Дали локацијата каде што се вршат активностите е правилно оградена, обележана и дали е поставена информативна табла? | Директно на локацијата | Со поставување на табла со информации за инвеститорот, изведувачот и надзорникот, оградување и обележување на локацијата | За време на подготвителната работа | Со цел да се отстранат можните несакани влијанија врз животната средина и човековото здравје и да се осигура квалитетно постигнување на активностите | Трошоците за спроведување на овие мерки ќе бидат вклучени во единечните цени за спроведување на активноста | Изведувач и надзор |
| | Обележување на места за собирање и исфрлање отпад (градежен отпад) и други видови отпад на локацијата | Директно на локацијата | Визуелно и преку документацијата на изведувачот | За време на подготвителната работа | Со цел да се овозможи соодветно управување со отпад за време на активностите | Трошоците за спроведување на овие мерки ќе бидат вклучени во единечните цени за спроведување на активноста | Изведувач и надзор |

| Фаза | Кој (Параметар ќе се следи?) | Каде (Ќе се следи параметарот?) | Како (Ќе се следи параметарот?) | Кога (Дефинирајте ја зачестеноста / или континуитетот?) | Зошто (Се следи параметарот?) | Трошок (Доколку не е вклучен во проектниот буџет) | Кој (Е одговорен за следењето?) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Обележување на места за безбедно истоварање и складирање на материјали | Директно на локацијата | Визуелно и преку документацијата на изведувачот | За време на подготвителната работа | Со цел да се овозможи соодветно управување со отпад за време на активностите | Трошоците за спроведување на овие мерки ќе бидат вклучени во единечните цени за спроведување на активноста | Изведувач и надзор |
| | Облежување на пристапни патеки за спасување и пристап до тимови за итна помош во случај на несреќа/незгода | Директно на локацијата | Визуелно и преку документацијата на изведувачот | За време на подготвителната работа | Со цел да се овозможи пристап за амбулантни возила. | Трошоците за спроведување на овие мерки ќе бидат вклучени во единечните цени за спроведување на активноста | Изведувач и надзор |
| За време на **спроведување** на активноста | Безбедност при работа | На местата што се реновираат (извиднички камп). | Визуелни проверки на опремата, атести, заштитна опрема и облека за безбедност и здравје при работа | Еднаш на самиот почеток на работите, а потоа периодични | За да се спречат ризици по безбедноста и здравјето – механички повреди<br>Да биде во согласност со националните прописи за здравје и стандарди за безбедност и здравје при работа | Вклучен во проектниот буџет | Надзорник |
| | Отстранување на создаден отпад | Директно на локацијата и директно на депонијата на Комуналец Струга | Преглед на документацијата – одредување на типот на отпад според Листата за отпад,<br>- Визуелна проверка дека отпадот одделно се собира во соодветно означени садови, протекувања. | За време на спроведување на подготвителната работа | Да се оддели опасниот отпад од неопасниот отпад, како интертен од биоразградлив отпад, да се обезбеди соодветно исфрлање на различни видови отпад | Трошоците за спроведување на овие мерки ќе бидат вклучени во единечните цени за спроведување на активноста | Изведувач и надзор |

| Фаза | Кој<br>(Параметар ќе се следи?) | Каде<br>(Ќе се следи параметарот?) | Како<br>(Ќе се следи параметарот?) | Кога<br>(Дефинирајте ја зачестеноста / или континуитетот?) | Зошто<br>(Се следи параметарот?) | Трошок<br>(Доколку не е вклучен во проектниот буџет) | Кој<br>(Е одговорен за следењето?) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | - преглед на прогласите кои се однесуваат на отпад и договорите и лиценците на фирмите со кои е договорено да вршат собирање и отстранување на отпад;<br>- Општината ја назначила депонијата за отстранување | | Да се подобри управувањето со отпадот на локално и национално ниво<br>Да се почитуваат националните законски барања, да не се остава отпадот на локацијата и да се избегнуваат влијанија врз животната средина и здравјето | | |
| | 3. Сообраќај и безбедност на пешаците | Области за јавен транспорт | Проверка на документацијата:<br>- Дали се известени сите надлежни органи,<br>- Дали се добиени сите потребни дозволи и одобренија,<br>Визуелна проверка на транспортот на материјали, пешачки премини и пролази, регулирање на сообраќајот, итн. | Пред / за време на транспорт | Да се обезбеди безбедно движење на патници и возила | Вклучено во проектниот буџет | Изведувач – Понудувач - Надзорник |
| | 4. Управување со токсични/опасни супстанци и отпад | Во текот на периодот на реновирање | Визуелна проверка (контрола) и преглед на документи во поглед на:<br>- Соодветно собирање и складирање на опасни и токсични супстанци (вклучувајќи гориво) и отпад<br>- Транспорт на опасен отпад само од страна на овластени компании,<br>- Преглед на декларации за купени боја и растворувачи (да се избегнува опасна боја и растворувачи), | Периодично | Да се обезбеди соодветно управување со токсични/опасни супстанци и отпад,<br>Да се спречат исипувања или протекувања и да се спречат ризици по безбедноста и здравјето на работниците, локалното население и животната средина | Вклучено во проектниот буџет | Изведувач – Понудувач - Надзорник |

| **Фаза** | **Кој** (Параметар ќе се следи?) | **Каде** (Ќе се следи параметарот?) | **Како** (Ќе се следи параметарот?) | **Кога** (Дефинирајте ја зачестеноста / или континуитетот?) | **Зошто** (Се следи параметарот?) | **Трошок** (Доколку не е вклучен во проектниот буџет) | **Кој** (Е одговорен за следењето?) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Токсичен / опасен материјал | Проценка на самото место | Соодветното постапување и складирање се проверува според Листовите со безбедносни податоци за материјалите (MSDS); Никој од применуваните агенси (средства) (пр. заштита за дрво) не може да биде токсичен за водни средини. | Постојано, кога се отстрануваат остатоци | Да се спречи случајно истурања или повреди | Дел од редовниот трошок на изведувачот | Надзорен инженер, Инспекција (контрола) |
| | 5. Воздух | На локацијата | Визуелна контрола (проверка): Фарбање и премачкување во внатрешните простории на спортската сала (вентилирани и затворени простории), Фугитивни емисии. Управување со прашина. | Периодично | Да се спречат загадувања на воздухот | Вклучено во проектниот буџет | Изведувач – Понудувач Надзорник |
| | 6. Нови материјали и опрема | На локацијата | Проверете ја документацијата за инсталираните уреди и елементи; новите вградени уреди не смее да содржат:<br>- хлорофлуоројаглероди - CFC, олово, соединенија кои се токсични за водните средини,<br>- и азбест. | Периодично | Да се спречи инсталација на материјали кои содржат хлорофлуоројаглероди – CFC, азбест... | Вклучено во проектниот буџет | Изведувач – Понудувач |
| | 7. Бучава | На локацијата | Мерните нивоа на бучава треба да се извршат во случај на поплаки и негативни наоди од контролата. | Во случај на поплаки и негативни наоди од контролата. | Да се спречи или ограничи бучавата | Вклучено во проектниот буџет | Изведувач – Понудувач |
| | Собирање на санитарна вода | Документација | Визуелно набљудување/следење и документи (планови, дизајни), преглед – сите капацитети кои создаваат отпадни води се поврзани со општинскиот канализационен систем; проверка на пропратната документација за отпад за празнење на хемиски тоалети за работници | Дневно, врз основа на тоа која овластена компанија е повикана за чистење | | Дел од редовниот трошок на изведувачот | Надзорен инженер, Инспекција (контрола) |

| **Фаза** | **Кој** (Параметар ќе се следи?) | **Каде** (Ќе се следи параметарот?) | **Како** (Ќе се следи параметарот?) | **Кога** (Дефинирајте ја зачестеноста / или континуитетот?) | **Зошто** (Се следи параметарот?) | **Трошок** (Доколку не е вклучен во проектниот буџет) | **Кој** (Е одговорен за следењето?) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контаминација на почвата и водата | Проверете дали има исипувања. Исипувањата се прекинуваат и контаминираната почва/вода се отстранува, со неа се постапува како со опасен отпад. Во случај на поголеми исипувања, тестирајте ја почвата/водата дали содржи загадувачи и информирајте го инспекторатот за животна средина. Следете ги нивните инструкции | Визуелно. Лабораториски тестови за поголеми исипувања. | Редовно. | | Дел од редовниот трошоки на изведувачот | Надзорен инженер, Инспекција (контрола) |
| За време на надзор и операција на активноста | Количина на создаден отпад од посетителите на кампот; отпадот се исфрла во назначената депонија од страна на Општината | Директно на локацијата и директно на депонијата на Комуналец Струга | Визуелно и преку документацијата на Комуналец Струга | Додека работи кампот | За да се отстранат можните негативни влијанија врз животната средина | Трошокот за имплементирање на овие мерки ќе го вклучува работниот план за кампот | Проектен координатор |

Контролна листа за План за управување со животната средина и општествено управување Анекс 1: Информации за локацијата (слики од локацијата)

Локација:






Планирани активности на локацијата и партерно и пејзажно уредување:



Куќички на дрвја



Тоалети



Главната капија на кампот



Клупи



ПРЕСЕК 1-1
ПРЕСЕК 2-2
Д1
Д2
x 25
ОСНОВА
ДЕТАЛ 1
ДЕТАЛ 2
ИЗГЛЕД А
ИЗГЛЕД Б
КОНСТРУКЦИЈА

Клупи


Д1
ОСНОВА / пресек долна зона a-a /
ОСНОВА / пресек средна зона b-b /
ОСНОВА / пресек горна зона c-c /
Д1
Д2
ПРЕСЕК 1-1
ИЗГЛЕД
3D ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА
B
A

Клупи


3D ПРИКАЗИ
x 2
ПОЗИЦИЈА
ФОРМА
ДЕТАЛ 1
НОВОПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА
ул. ПАРТИЗАНСКА
ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ
А

Канти за отпадоци



Канти за отпадоци



Амфитеатар


гумена церада
целиот објект е покриен со
дрвени даски димензија на даска 10x3см
НОВОПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА
1 : 100
ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ
A

Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување Анекс 2 вклучува информации за градење капацитети

** Управувањето со проектот вклучува: а) инвеститор и б) изведувач; односно лица кои се одговорни за нарачување и спроведување на работите опфатени со Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување*

*** Надзорот на изведувачот исто така се врши на две нивоа: а) државен или окружен инспекторат со нивната редовна надлежност да вршат надзор на сите градежни работи и б) надзорен инженер, задолжен за одредена локација. Надзорен инженер може да биде лиценцирано лице (за поголеми работи) или лице овластено од инвеститорот за вршење надзор, односно некој кој проверува дали изградбата/обновувањето е извршено во согласност со дизајнот и се известува до инвеститорот. Ова е вообичаено и лицето кое исто така врши надзор на спроведувањето на Контролната листа за Планот за управување со животната средина и општествено управување и обезбедува извештаи за усогласеност.*

| | |
|---|---|
| Законски претставник на подносителот на пријавата: | Ферјанчо Гогоски, Претседател на Извидничка група Крсте Јон |
| Потпис : | |
| Датум : | 10/06/2017 |